1417/1

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ, ПО ПРЕДМЕТОТ МЕНАЏМЕНТ НА РИЗИК НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 21.06.2018 година, донесе одлука со број 02-1289/22, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник од научната област бизнис менаџмент (50603) по предметот Менаџмент на ризик. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Методија Несторовски, проф. д-р Сашо Арсов и проф. д-р Кирил Постолов по разгледувањето на пристигнатите пријави, согласно со распишаниот конкурс, го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс од 07.06.2018 година објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха, за избор на еден извршител, наставник во сите наставно-научни звања, во научната област бизнис менаџмент (50603), по предметот менаџмент на ризик, се јави само еден кандидат, д-р Александар Наумоски, вработен на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како доцент по предметот Менаџмент на ризик.

1. БИОГРАФИЈА

Кандидатот д-р Александар Наумоски е роден во Охрид, на 18 јуни 1981 година. Основно образование завршил во родниот град, каде што исто така го завршил и средното образование во УСО "Св. Климент Охридски" – Охрид (денес преименувано во СОСУ Св. Кирил и Методиј – Охрид), економска струка, со највисок успех. Во 2000 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" на департманот за финансиски менаџмент. Дипломирал во септември 2004 година со просечен успех 9,74. Како најдобар студент во завршната година на студии му е доделена наградата "Frank Harkord Maning" од ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во последната година од студиите бил демонстратор по предметот математика за бизнис и економија на Економскиот факултет во Скопје, каде што иницијално ги покажува своите афинитети кон наставно-научната професија и волјата за натамошно професионално усовршување.

Веднаш по дипломирањето се запишал на постдипломските студии по монетарна економија на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет - Скопје. Во декември 2007 ги завршил испитите со просечен успех 10,0 и го пријавил магистерскиот труд со наслов *Управување со ризиците во инвестициите* под менторство на проф. д-р Методија Несторовски. Со јавната одбрана на магистерскиот труд во ноември 2009 се стекнал со титулата Магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Во септември 2011 година пријавил докторска теза под наслов *Процена на премијата за ризик на акционерскиот капитал инвестиран во компаниите во Република Македонија,* на Економскиот факултет – Скопје, под менторство на проф. д-р Методија Несторовски. Со јавната одбрана на докторската дисертација на 25 јуни 2013 година се стекнал со научното звање Доктор на економски науки (PhD).

Во поглед на неговото работно искуство, од почетокот на јануари 2005 до декември 2005 година работел во Народна банка на Република Македонија во секторот за банкарска супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност, каде што извршувал анализа на банкарскиот систем и стабилноста на целиот финансиски систем и изготвувал периодични извештаи за банкарскиот систем на Република Македонија и низа други тековни активности.

Во јануари 2005 година е избран за помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје по предметите економија на инвестиции, инвестиционен менаџмент, финансиски менаџмент и проектен менаџмент. Во јануари 2010 година е избран за асистент по група предмети по инвестиции и финансиски менаџмент (економија на инвестиции, инвестиционен менаџмент, финансиски менаџмент, проектен менаџмент и менаџмент на ризик) и повторно е реизбран во јануари 2013 година. Неговиот научен интерес е фокусиран во сферата на финансиите, особено во доменот на корпоративниот финансиски менаџмент, капиталните вложувања, инвестициите и менаџментот на ризикот.

Во декември 2013 година е избран за доцент на Економскиот факултет – Скопје по предметот Менаџмент на ризик. Во неговиот петгодишен мандат активно ги спроведувал наставата и вежбите по овој предмет за што се добиени највисоки оцени од евалуацијата на студентите. Исто така, во текот на овој мандат бил координатор на предметот Инвестиционен менаџмент на дисперзираните студии во Струга (учебна 2014/2015 година), втор координатор на предметот Финансиски менаџмент и координатор на предметот Финансиски менаџмент на дисперзираните студии во Велес (2014/2015 и 2015/2016 година).

Активно се служи со англискиот јазик, а од компјутерските вештини активно се служи со MS Office, MS Project, COMFAR III Expert, Dreamweaver и Eviews.

Од почетокот на 2009 е член на Светската асоцијација на професионални управувачи со ризици (PRMIA) и е надворешен член на комисијата за котација при Македонската берза за хартии од вредност.

Во периодот од јануари до мај 2009 година остварил студиски престој на George Washington University, School of Business, Washington DC, USA, во рамките на програмата на Владата на САД за развој и усовршување на млад научен кадар (JFDP). Во текот на петмесечниот престој во САД постигнал исклучително професионално усовршување во сферата на финансискиот менаџмент и инвестициите преку перманентно присуство на настава на департманот за финансии на овој Факултет, како и преку присуство на низа

семинари и работилници кои се реализирале во рамките на Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Универзитетот "George Washington".

Од 2010 година е овластен тренер на Институтот за јавни финансии и сметководство од Лондон – CIPFA. Тој бил предавач на неколку предмети во обуката на сметководители во јавниот сектор и ревизори во јавниот сектор во Република Македонија, спроведена преку Центарот за развој на финансиите од Љубљана, Република Словенија според програмите на CIPFA од Лондон, и тоа предметите *финансиски менаџмент, финансиско сметководство, основи на сметководство и сметководство во јавен сектор*.

Учествувал во обуките на инвестиционите советници и брокери спроведени од Комисијата за хартии од вредност и обуката на актуарите во Република Македонија спроведена од Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Работел како изготвувач на повеќе физибилити-студии, кост-бенефит анализи, а исто така работел и на голем број други национални и меѓународни проекти преку кои дал голем придонес во општествената заедница.

Д-р Александар Наумоски покажува особен успех во доменот на научноистражувачката работа, при што има објавено повеќе од триесет оригинални научни трудови во домашни и меѓународни списанија, при што има објавени три научни труда во најреномирани списанија со импакт фактор, а острил повеќе учества на меѓународни конференции во домашната земја и во странство.

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кландидатот д-р Александар Наумоски има богато тринаесетгодишно работно искуство во наставно-образовната дејност, од кои осум години како асистент и пет години како доцент, на Економскиот факултат – Скопје. Покрај тоа во целиот овој период тој континуирано се јавува како обучувач и предавач во низа школи и работилници спроведувајќи вежби и предавања.

Во рамките на своето осумгодишно асистентско работно искуство, од 2005 година прво како помлад асистент, а од 2010 како асистент, покажува особен интерес за професионално усовршување во својата кариера во областите по финансиски менаџмент, инвестиции и менаџмент на ризик. Во декември 2013 година е избран за доцент на Економскиот факултет – Скопје по предметот Менаџмент на ризик. Во неговиот петгодишен мандат активно ги спроведувал наставата и вежбите по овој предмет за што се добиени највисоки оцени од евалуацијата на студентите. Исто така, во текот на овој мандат бил координатор на предметот Инвестиционен менаџмент на дисперзираните студии во Струга (учебна 2014/2015 година), втор координатор на предметот Финансиски менаџмент и координатор на предметот Финансиски менаџмент на дисперзираните студии во Велес (2014/2015 и 2015/2016 година).

На втор циклус студии се вклучува во изведување на дел од наставата на предметот Финансиски менаџмент на студиските програми по МБА Менаџмент и Сметководство и ревизија. Во 2017 година бил координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма од втор циклус на студии по Корпоративен финансиски менаџмент на Економски факултет – Скопје на која по добиената акредитација и одобрение за работа од Министерството за образование е избран за нејзин раководител. Во оваа студиска програма од втор циклус студии по Корпоративен финансиски менаџмент која треба да започне со

работа во учебната 2018/2019, се јавува наставник на две нови предметни дисциплини, и тоа Корпоративна финансиска стратегија и Менаџмент на корпоративните ризици.

Д-р Александар Наумоски покрај на Економскиот факултет, остварил низа наставно – образовни активности низ повеќе школи и работилници. Меѓу позначајните се низата предавања и вежби на општинските советниците во рамките на проектот "Зајакнување на општинските совети" во 2018 година. Понатака, во рамките на проектот за Обука и сертифицирање на сметководители во јавниот сектор (PACT) во Република Македонија ги предавал предметите по Финансиско известување во јавен сектор (PSFR) во 2016 г. и Финансиско сметководство во 2014 г. Додека пак, во рамките на проектот за Обука и сертифицирање на внатрешни ревизори во јавниот сектор (TIAPS) во Република Македонија ги предавал предметите Основи на сметководство во 2014 г. и 2015 г., Сметководство во јавен сектор (PSFR) во 2015 г. и Сметководство и финансиско известување во јавен сектор (PSAFR) во 2016 година.

Кандидатот во последните пет години бил ментор на 56 дипломски труда, а во 40 бил член на комисијта за одбрана. Исто така, кај 5 магистерски труда се јавува како член на комисијата за одбрана.

Се јавува како автор на интерна скрипта од предавања по предметот менаџмент на ризик, а исто така е и коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник по Инвестиционен менаџмент во издание на Економскиот факултет – Скопје.

Кандидатот д-р Александар Наумоски во своите досегашни наставно – образовни активности покажува забележителна сериозност и посветеност во извршувањето на доделените задачи. Секогаш настојува преку суштински приод да оствари максимални резултати користејќи иновативни методи познати во современата домашна и странска наставно – образовна практика. Тоа е резултат на неговата волја за постојано истражување, продлабочување и иновирање на методите и техниките за водење на настава, за интеракција со студентите и изнаоѓање на примери за доближување на апликативните димензии на наставната материја. Во тој контекст од исклучително значење е и неговиот студиски престој на Универзитетот "George Washington", што дополнително придонесе за стекнување на современи и уште поусовршени наставни методи и практики. Тој покажува особен интерес и длабоко навлегува во наставната материја по предметот менаџментот на ризик на кој е избран, како и доверениот предмет финансиски менаџмент. Тој постојано го следи современиот тренд на научната мисла во наставнно-научната област во која се избира. Евидентно е дека секојдневно стануваше сè покомпетентен за овие наставни дисциплини кои го означуваат неговиот сериозен научен пристап и перспективите за негово натамошно напредување во овие сфери.

Најголем доказ за високот квалитет во наставно-образовната активност на кандидатот претставуваат добиените највисоки оценки од самоевалуацијата преку анонимни анкети спроведени за студентите на Економскиот факултет во Скопје, како и на анкетите од низата работилници и школи на кои работел како обучувач.

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Александар Наумоски во последните пет години остварил извонредни успеси и во научноистражувачката дејност, што се изразува преку објавување на научни трудови во меѓународни списанија и со учество со презентација на труд на меѓународни научни конференции и научно-стручни собири. Резултатите од неговата научноистражувачка дејност може да ги синтетизираме низ подолу наведените 19 научни трудови и два апстракти во книга на апстракти од меѓународни научни конференции. Од наведените 19 научни-трудови, кандидатот има дири 3 научни труда кои се објавени во најреномираните списанија со импакт фактор на светски најпрестижната Thomson Reuters индексација, 6 труда во реномирани меѓународни списанија со EBSCO индексација, 2 труда во релевантни меѓународни списанија, 4 труда се објавени во зборник на трудови од меѓународна конференција и 4 труда објавени во зборник на високо образовна институција. Целокупната листа на научни трудови и апстракти е следна:

1. Aleksandar Naumoski and Metodija Nestorovski (2018). "Ex-ante equity risk premia: Expectational estimates using stock market returns forecasts in the emerging equity market", Panoeconomicus, Vol.,No (*Forthcoming),* DOI: 10.2298/PAN130925004N, (И.Ф. 0,44)
2. Aleksandar Naumoski and Péter Juhász (2018). „The impact of inflation and operating cycle on the corporate cash holdings in Couth-East Europe" in the Book of Proceedings of 2nd International Scientific Conference on Economics and Management – EMAN 2018, Ljubljana, Slovenia, 22 March 2018
3. Aleksandar Naumoski (2018). „Corporate Cash Holdings: An Empirical Investigation of Southeast European Companies" in Marta Bozina Beros, Nicholas Recker, Melita Kozina, Editors, "Book of Proceedings" of 27th International Scientific Conference on Economic and Social Economic and Social Development, 1-2 March 2018, Rome, Italy, pp. 339-349.
4. Aleksandar Naumoski (2018). „Corporate Cash Holdings: An Empirical Investigation of Southeast European Companies" in Marta Bozina Beros, Nicholas Recker, Melita Kozina, Editors, "Book of Abstracts" of the 27th International Scientific Conference on Economic and Social Economic and Social Development, 1-2 March 2018, Rome, Italy, pp.46-47.
5. Наумоски А., (2017), „Детерминирање на емпириска дистрибуција на приносите на македонскиот берзански индекс - МБИ10 ", Годишник на Економски факултет – Скопје, 52 , стр. 257-270
6. Sasho Arsov and Aleksandar Naumoski (2017), Impact of Working Capital Management on Profitability – the Case of Selected Balkan Countries, in Proceedings of Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Skopje, 17-18 November 2017 (во процес на издавање)
7. Sasho Arsov and Aleksandar Naumoski (2017), Impact of Working Capital Management on Profitability – the Case of Selected Balkan Countries, in Book of Abstracts of Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Skopje, 17-18 November 2017
8. Aleksandar Naumoski, Sasho Arsov, Stevan Gaber, Vasilka Gaber-Naumoska (2017), „Diminishing Inter-Linkages of the South East European Stock

Markets“, Economic Computation and Economic Cybernetics Studies and Research, Vol. 51, No. 3, pp. 91-108 (И.Ф. 0,317)
9. Aleksandar Naumoski, Stevan Gaber, and Vasilka Gaber-Naumoska (2017) Empirical Distribution of Stock Returns of Southeast European Emerging Markets. UTMS Journal of Economics 8 (2): 67–77.
10. Gaber S., Gaber-Naumoska V., Naumoski A., (2016), ”The effects on the aggregate demand and aggregate supply during the great economic depression”, Journal of Economics, Vol 1, No. 2
11. Gaber-Naumoska V., Gaber S., Naumoski A., (2016), ”The great economic depression and the fiscal policy”. Journal of Economics, Vol 1, No. 2
12. Наумоски А., (2016), „Влијанието на менаџментот на работниот капитал врз профитабилност на компаниите: осврт врз компаниите во Република Македонија“, Годишник на Економски факултет – Скопје, 51 , стр. 253-266
13. Arsov S., Naumoski A., (2016), “Determinants of Capital Structure: An Empirical Study of Companies from Selected Post-Transition Economies”, Zbornik radova Ekonomskog fakulteta u Rijeci, časopis za ekonomsku teoriju i praksu - Proceedings of Rijeka Faculty of Economics, Journal of Economics and Business, Vol. 34, No. 1, 2016, pp. 119-146 (И.Ф. 0,346)
14. Naumoski A. (2016), “Linkages and relationships between South East European and developed stock markets before and after the global financial crisis and the European debt crisis”, Book of Proceedings of 1st International Conference on Financial Analysis, Dubrovnik, Croatia, 1-3 June 2016, pp. 42-51
15. Naumoski A., Arsov S., Gaber S., Gaber Naumoska V., (2016), “Expected Equity Risk Premium: Survey Approach in the Case of a Small Emerging Market”, Research Journal of Finance and Accounting, Vol. 7, No. 2, pp. 7 – 17
16. Naumoski A., Gaber S., Gaber Naumoska V., (2016), “Economic Evaluation of Investment Project for Maintenance of Urban Forestry”, Journal of Economics and Sustainable Development, Vol. 7, No.2, pp. 36-50
17. Gaber-Naumoska V., Gaber S., Gruevski I., Naumoski A., (2015), “The Coordination of Fiscal and Monetary Policy in Context of Economic Stability - The Case of Macedonia”, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), Volume 24, No 7, pp 210-218
18. Gaber S., Gaber-Naumoska V., Naumoski A., Gruevski I. (2015), “The Comprehension of the Financial Crises”, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), Volume 24, No. 7, pp 229-237
19. Наумоски А., (2015), „Приносите на индексирано портфолио на пазарот на акции во република Македонија: предвидени наспрема остварени приноси“, Годишник на Економски факултет – Скопје, 50 , стр. 312-327
20. Наумоски А., (2014), „Емпириско истражување на историската премија за ризик на акционерскиот капитал во случајот на развиените пазари и пазарите во појава“, Годишник на Економски факултет – Скопје, 49 , стр. 239-254
21. Arsov S. and Naumoski A., (2014), “Transparency and Disclosure Practices in Selected Post-Transition Economies”, European Journal of Business and Management, Vol. 6, No. 16, pp. 146-154

4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Александар Наумоски реализирал широк дијапазон на ангажмани и активности во доменот на стручно-апликативната дејност, односно работел на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Кандидатот е секретар на меѓународното научно списание *Journal of Contemporary Economic and Business Issues*, кое го издава Економски факултет – Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, а исто така во повеќе наврати бил и рецензент на неколку научни трудови пристигнати за објавување во ова списание. Бил преведувач на две стручни книги: 1) Public Sector Financial Reporting, издавач: Chartered Institute of Public Finance and Accountancy од Лондон, и 2) "Financial accounting", во издание на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy од Лондон. Покрај тоа, за потребите на обуките на брокери и инвестициони советници учествувал како коавтор во две поглавја на прирачниците во издание на Комисијата за хартии од вредност на Република Македониј и тоа 1) Прирачник за обука и полагање на стручен испит за инвестиционо советување, и 2) Прирачник за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност. За потребите на обуката на општинските советници се јавува како коавтор на „Прирачник за финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа и нивна анализа" во издание на UNDP.

Кандидатот учествувал во изработка на три големи економски кост-бенефит анализи од општествен аспект во ангажманот на Град Скопје и една физибилити студија:

1) "Financial and Economic Evaluation of the Project: Reconstruction and Rehabilitation of Boris Trajkovski Street From Staklara Factory to Pintija Settlement", за предложената инвестиција на Град Скопје за изградба на комплетен булевар финансиран од Светска Банка, 2015 г. (координатор на тимот)
2) "Economic Evaluation of the Project: Providing Basic Equipment for the Maintenance of Public Greenery in the City of Skopje" за предложената инвестиција на Град Скопје за набавка на машина за пресадување на дрва, финансиран од Светска Банка, 2015 г.
3) „Економска студија на ефектите на потенцијалното спојување меѓу ВИП оператор Skопје, ONE телекомуникациски услуги Скопје и Диги плус медија Скопје". Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, Скопје, 2014 г.

Кандидатот учествувал во промотивните активности на факултетот, а исто така бил /е член во повеќе комисии на Економскиот факултет - Скопје:

1) Комисија за упис на студенти на прв циклус студии;

2) Комисија за јавни набавки;

3) Претседател на комисија за дисциплинска одговорност на студентите на Економкси факултет – Скопје;

4) Комисија за изработка на Водич низ студиите за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет – Скопје;

5) Комисија за изработка на Предметни програми за прв циклус студии на Економски факултет – Скопје.

Кандидатот бил координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма од втор циклус студии по Корпоративен финансиски менаџмент на Економски факултет – Скопје. По добивањето на акредитацијата од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Р. Македонија, како и решението за почеток со работа од Министерството за образование на Р. Македонија, избран е за раководител на студиумот од втор циклус студии по Корпоративен финансиски менаџмент на Економски факултет – Скопје.

Тој е надворешен член е на комисијата за котација при Македонската берза на хартии од вредност и член е на Professional Risk Managers International Association.

Од погоренаведеното може да се заклучи дека кандидатот реализирал широк дијапазон на стручно-апликативни активности, каде остварил видливи резултати, голем успех и истакнувања.

МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените конкурсни материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха од 07.06.2018 година, за избор на еден извршител, наставник во сите наставно-научни звања, во научната област бизнис менаџмент, по предметот менаџмент на ризик, е д-р Александар Наумоски. Кандидатот ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето вонреден професор во научната областа бизнис менаџмент, по предметот менаџмент на ризик. По проучувањето на приложената документација од кандидатот и увидот во неговите објавени трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатот д-р Александар Наумоски поседува високи наставно – образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни квалитети. Со неговата работа како доцент кандидатот докажа исклучителна сериозност и посветеност кон професионално извршување на доверените задачи, голема трудољубивост и насоченост кон остварување на максимални резултати. Тоа е резултат на неговата волја за постојано истражување, продлабочување и иновирање на методите и техниките на настава. Тој покажа особен интерес за сѐ подлабоко совладување на наставната материја во доменот на менаџментот на ризикот. Тој постојано ги следи современите трендови на научната мисла во наставната област во која се избира, како и пошироко во доменот на финансиите. Треба да се истакне дека станува збор за млад, квалитетен и одговорен наставно-научен кадар пред кого стои можност за уште поголемо напредување во кариерата и унапредување на наставните предмети и со тоа ќе даде голем придонес за Економскиот факултет како врвна високообразовна институција од доменот на економијата и бизнисот во нашата земја.
- Особено треба да се истакнат високите резултати кои кандидатот д-р Александар Наумоски ги постигнал во неговата научно-истражувачка активност, која се гледа од бројните научни трудови, особено трудовите објавени во најреномирани и престижни референтни меѓународни списанија со импакт фактор и меѓународни научни конференции. Ова го

претставува кандидатот како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач од областа на менаџментот на ризик.

- Кандидатот е коавтор на универзитетски учебник, автор на интерна скрипта на Економски факултет – Скопје, и коавтор на прирачници за стручно усовршување од доменот на хартиите од вредност.
- Кандидатот континуирано од својот избор во звањето доцент до денес се доусовршувал во земјата и странство.
- Преку неговите ангажмани како обучувач во школи и работилници за широката деловна заедница и во јавниот сектор се истакнал како исклучително квалитетен предавач на повеќе предмети од доменот на финансиите.
- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни **226,2 бода** на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (прилог: табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа сè што погоре беше истакнато, Комисијата со полна увереност и задоволство му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет - Скопје, кандидатот **д-р Александар Наумоски да биде избран во звањето вонреден професор од областа бизнис менаџмент, по предметот менаџмент на ризик.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Методија Несторовски, претседател
2. Проф. д-р Сашо Арсов, член
3. Проф. д-р Кирил Постолов, член

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александар Драган Наумоски
(име, татково име и презиме)

Институција: Економски факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: Бизнис менаџмент (50603) по предметот Менаџмент на ризик

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	**Одржување на настава** • **Од прв цикулс студии** ▪ **Менаџмент на ризик** 2013/2014 (8 x 15 x 0,04 = 4,8) (Скопје, Струга – дисперзирана) ▪ **Менаџмент на ризик** 2014/2015 (12 x 15 x 0,04 = 7,2) (Скопје, Струга, Велес – дисперзирана) ▪ **Менаџмент на ризик** 2015/2016 (12 x 15 x 0,04 = 7,2) (Скопје, Струга, Велес – дисперзирана) ▪ **Менаџмент на ризик** 2016/2017 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) ▪ **Менаџмент на ризик** 2017/2018 (4 x 15 x 0,04 = 2,4) ▪ **Инвестиционен менаџмент** 2014/2015 (6 x 15 x 0,04 = 3,6) (Струга дисперзирана) ▪ **Финансиски менаџмент** 2014/2015 (6 x 15 x 0,04 = 3,6)(Велес дисперзирана) ▪ **Финансиски менаџмент** 2015/2016 (6 x 15 x 0,04 = 3,6)(Велес дисперзирана) ▪ **Финансиски менаџмент** 2017/2018 (6 x 15 x 0,04 = 3,6) • **Од втор циклус студии** ▪ **Финансиски менаџмент МБА** 2016/2017 (4 часа x 0,05 = 0,2) ▪ **Финансиски менаџмент СР** 2016/2017 (4 часа x 0,05 = 0,2) ▪ **Финансиски менаџмент МБА** 2017/2018 (4 часа x 0,05 = 0,2)	39
2.	**Одржување на вежби** ▪ **Менаџмент на ризик** 2013/2014 (4 x 15 x 0,03 = 1,8) (Скопје, Струга – дисперзирана) ▪ **Менаџмент на ризик** 2014/2015 (6 x 15 x 0,03 = 2,7)) (Скопје, Струга, Велес – дисперзирана)	9

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	▪ **Менаџмент на ризик** 2015/2016 (6 x 15 x 0,03 = 2,7) (Скопје, Струга, Велес – дисперзирана) ▪ **Менаџмент на ризик** 2016/2017 (2 x 15 x 0,03 = 0,9) ▪ **Менаџмент на ризик** 2017/2018 (2 x 15 x 0,03 = 0,9)	
3.	**Настава во школи и работилници** - **Ко-предавач на модулот „Финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа и нивна анализа“** во рамките на проектот “Зајакнување на општинските совети” финансиран од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и спроведена од страна на УНДП, одржана на 4-5 Мај 2018, Хотел Лаки, Охрид, Република Македонија (1 x 1 = 1) - **Ко-предавач на модулот „Финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа и нивна анализа“** во рамките на проектот “Зајакнување на општинските совети” финансиран од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и спроведена од страна на УНДП, одржана на 27-28 Април 2018, Хотел Романтик, Велес, Република Македонија (1 x 1 = 1) - **Ко-предавач на модулот „Финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа и нивна анализа“** во рамките на проектот “Зајакнување на општинските совети” финансиран од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка и спроведена од страна на УНДП, одржана на 20-21 Април 2018, Хотел Сириус, Струмица, Република Македонија (1 x 1 = 1) - **Координатор (раководител на тимот предавачи) на предметот Финансиско известување во јавен сектор (PSFR)** во проектот на Центарот за развој на финансии од Љубљана, Словенија по овластување и во соработка со Овластениот институт за Јавни финансии и Сметководство (CIPFA), финансиран од Светска Банка и Министерството за финансии на Република Македонија, во проектот: второ ниво на **Обука и сертифицирање на сметководители во јавниот сектор програма PACT во Република Македонија,** март - април 2016, универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје *(повеќе информации на: http://www.cef-see.org/index.php?location=1091)* (1x 1,5 = 1,5) - **Координатор (раководител на тимот предавачи)**	14

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	на предметот Сметководство и финансиско известување во јавен сектор (PSAFR) во проектот на Центарот за развој на финансии од Љубљана, Словенија по овластување и во соработка со Овластениот институт за Јавни финансии и Сметководство (CIPFA), финансиран од USAID и Министерството за финансии на Република Македонија во проектот за **Обука и сертифицирање на внатрешни ревизори во јавниот сектор *(TIAPS)*** во Република Македонија, Јануари – Март, 2016 година, спроведени при универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, (*повеќе информации на http*://www.cef-see.org/index.php?location=1092) (1x 1,5 = 1,5) - **Координатор (раководител) на предметот Основи на сметководство**, воведна работилница, во проектот на Центарот за развој на финансии од Љубљана, Словенија по овластување и во соработка со Овластениот институт за Јавни финансии и Сметководство (CIPFA), финансиран од USAID и Министерството за финансии на Република Македонија во проектот за **Обука и сертифицирање на внатрешни ревизори во јавниот сектор (TIAPS)** во Република Македонија 7-11 септември, 2015 година, одржан при универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, (повеќе информации на http://www.cef-see.org/index.php?location=1092) (1x 1,5 = 1,5) - **Координатор (раководител на тимот предавачи) на предметот Сметководство во јавен сектор** во проектот на Центарот за развој на финансии од Љубљана, Словенија по овластување и во соработка со Овластениот институт за Јавни финансии и Сметководство (CIPFA), финансиран од USAID и Министерството за финансии на Република Македонија во проектот за **Обука и сертифицирање на внатрешни ревизори во јавниот сектор *(TIAPS)*** во Република Македонија, Февруари - Април, 2015, спроведени при универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, (*повеќе информации на http*://www.cef-see.org/index.php?location=1092) (1x 1,5 = 1,5) - **Едукатор** при обуката на инвестициски советници во 2015 година за модулот Анализа на хартии од вредност со фиксен доход по програмата на Комисијата за хартии	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	од вредност на Република Македонија за сертифицирање на инвестициски советници, период: јануари – мај 2015 година (1 x 1 = 1) - **Едукатор** при обуката брокери на пазарот за хартии од вредност во 2015 година за модулот Обврзници по програмата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за сертифицирање на брокери на пазарот за хартии од вредност, период: јануари – мај 2015 година (1 x 1 = 1) - **Координатор (раководител на тимот предавачи) на предметот Основи на сметководство**, *воведна работилница*, во проектот на Центарот за развој на финансии од Љубљана, Словенија по овластување и во соработка со Овластениот институт за Јавни финансии и Сметководство (CIPFA), финансиран од USAID и Министерството за финансии на Република Македонија во проектот за **Обука и сертифицирање на внатрешни ревизори во јавниот сектор *(TIAPS)*** во Република Македонија 6-10 октомври, 2014 година, одржан при универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, (*повеќе информации на* *http*://www.cef-see.org/index.php?location=1092) (1x 1,5 = 1,5) - **Координатор (раководител на тимот предавачи) на предметот Финансиско сметководство** во проектот на Центарот за развој на финансии од Љубљана, Словенија по овластување и во соработка со Овластениот институт за Јавни финансии и Сметководство (CIPFA), финансиран од Светска Банка и Министерството за финансии на Република Македонија, во проектот за **Обука и сертифицирање на сметководители во јавниот сектор програма PACT во Република Македонија,** октомври – декември 2014, универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје *(повеќе информации на: http://www.cef-see.org/index.php?location=1091* (1x 1,5 = 1,5)	
4.	**Подготовка на нов предмет** - **Корпоративна финансиска стратегија** 1,5 - **Менаџмент на корпоративните ризици** 1,5	3
5.	**Консултации со студенти** ▪ **Менаџмент на ризик** 2013/2014 (314 x 0,002 =0,628) (Скопје 254 студенти, Струга – дисперзирана 60 студенти)	5,56

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	▪ **Менаџмент на ризик** 2014/2015 (465 x 0,002 = 0,93) (Скопје 385 студенти, Струга 60, Велес – дисперзирана 20 студенти) ▪ **Менаџмент на ризик** 2015/2016 (677 x 0,002 =1,354) (Скопје, Струга, Велес – дисперзирана) ▪ **Менаџмент на ризик** 2016/2017 (525 x 0,002 =1,05) ▪ **Менаџмент на ризик** 2017/2018 (338 x 0,002 = 0,676) ▪ **Инвестиционен менаџмент** 2014/2015 (60 x 0,002 = 0,12) (Струга дисперзирана) ▪ **Финансиски менаџмент** 2014/2015 (20 x 0,002 = 0,04) (Велес дисперзирана) ▪ **Финансиски менаџмент** 2015/2016 (20 x 0,002 = 0,04) (Велес дисперзирана) ▪ **Финансиски менаџмент** 2017/2018 (332 x 0,002 = 0,664) ▪ **Финансиски менаџмент МБА** 2016/2017 (10 x 0,002 = 0,02) ▪ **Финансиски менаџмент, студиум по Сметководство и Ревизија** 2016/2017 (10 x 0,002 = 0,02) ▪ **Финансиски менаџмент, студиум по МБА Менаџмент** 2017/2018 (10 x 0,002 = 0,02)	
6.	**Ментор на дипломска работа** (56 x 0,2 = 11,2)	11,2
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** (5 x 0, 3 = 1,5)	1,5
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (40 x 0,1)	4
9.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник Инвестиционен менаџмент – коавтор** (1 x 6 = 6)	6
10.	**Интерна скрипта од предавања** (3 x 4 = 12) - Наумоски А. (2018), „Менаџмент на ризици“, студентска скрипта, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, Скопје - Наумоски А. (2014), „Менаџмент на ризици“, студентска скрипта, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, Скопје - Несторовски М., Арсов С., Наумоски А. (2011), „Управување со ризици“, студентска скрипта, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, Скопје	12
	Вкупно	**105,26**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	**Раководител на национален научен проект** (2 x 6 = 12) - ”Economic Evaluation of Maintenance of Urban Forestry” – Funded by World Bank, 2015 - ”Economic Evaluation of buliding city boulevard in	12

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	emerging economy” - Funded by World Bank, 2015	
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** - Aleksandar Naumoski and Metodija Nestorovski (2018). **“Ex-ante equity risk premia: Expectational estimates using stock market returns forecasts in the emerging equity market“**, *Panoeconomicus,* Vol.,No (*Forthcoming),* DOI: 10.2298/PAN130925004N (6 x 0,9 + 0.44 = 5,84) - Aleksandar Naumoski, Sasho Arsov, Stevan Gaber, Vasilka Gaber-Naumoska (2017), **„Diminishing Inter-Linkages of the South East European Stock Markets“**, Economic Computation and Economic Cybernetics Studies and Research, Vol. 51, No. 3, pp. 91-108 (6 x 0,6 + 0,317 = 3,92) - Arsov S., Naumoski A., (2016), **“Determinants of Capital Structure: An Empirical Study of Companies from Selected Post-Transition Economies”,** Zbornik radova Ekonomskog fakulteta u Rijeci, časopis za ekonomsku teoriju i praksu - Proceedings of Rijeka Faculty of Economics, Journal of Economics and Business, Vol. 34, No. 1, 2016, pp. 119-146 (6 x 0,9 + 0,346 = 5,8)	15,56
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** - Aleksandar Naumoski, Stevan Gaber, and Vasilka Gaber-Naumoska (2017) **Empirical Distribution of Stock Returns of Southeast European Emerging Markets.** UTMS Journal of Economics 8 (2): 67–77. (4 x 0,8 = 3,2) - Naumoski A., Arsov S., Gaber S., Gaber Naumoska V., (2016), **“Expected Equity Risk Premium: Survey Approach in the Case of a Small Emerging Market”**, Research Journal of Finance and Accounting, Vol. 7, No. 2, pp. 7 – 17 (4 x 0,6 = 2,4) - Naumoski A., Gaber S., Gaber Naumoska V., (2016), **“Economic Evaluation of Investment Project for Maintenance of Urban Forestry”**, Journal of Economics and Sustainable Development, Vol. 7, No.2, pp. 36-50 (4 x 0,8 = 3,2)	

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	- Gaber-Naumoska V., Gaber S., Gruevski I., Naumoski A., (2015), **"The Coordination of Fiscal and Monetary Policy in Context of Economic Stability - The Case of Macedonia"**, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, Volume 24, No 7, pp 210-218 (4 x 0,6 = 2,4) - Gaber S., Gaber-Naumoska V., Naumoski A., Gruevski I. (2015), **"The Comprehension of the Financial Crises"**, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, Volume 24, No. 7, pp 229-237 (4 x 0,6 = 2,4) - Arsov S. and Nuamoski A., (2014), **"Transparency and Disclosure Practices in Selected Post-Transition Economies"**, European Journal of Business and Management, Vol. 6, No. 16, pp. 146-154 (4 x 0,9 = 3,6)	17,2
4.	**Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание** - Gaber S., Gaber-Naumoska V., Naumoski A., (2016), **"The effects on the aggregate demand and aggregate supply during the great economic depression"**, Journal of Economics, Vol 1, No. 2 (2 x 0,8 = 1,6) - Gaber-Naumoska V., Gaber S., Naumoski A., (2016), **"The great economic depression and the fiscal policy"**. Journal of Economics, Vol 1, No. 2 (2 x 0,8 = 1,6)	3,2
5.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** - Aleksandar Naumoski and Péter Juhász (2018). **„The impact of inflation and operating cycle on the corporate cash holdings in Couth-East Europe"** in the Book of Proceedings of 2nd International Scientific Conference on Economics and Management – EMAN 2018, Ljubljana, Slovenia, 22 March 2018 (во процес на издавање) (3 x 0,9 = 2,7) - Aleksandar Naumoski (2018). **„Corporate Cash Holdings: An Empirical Investigation of Southeast European Companies"** in **Marta Bozina Beros, Nicholas Recker, Melita Kozina**, Editors, "Book of	

<table>
<tr><th>Ред. број</th><th>Назив на активноста (наставно-образовна):</th><th>Поени</th></tr>
<tr><td></td><td>Proceedings” of 27th International Scientific Conference on Economic and Social Economic and Social Development, 1-2 March 2018, Rome, Italy, pp. 339-349.
(3 x 1 = 3)

- Sasho Arsov and Aleksandar Naumoski (2017), Impact of Working Capital Management on Profitability – the Case of Selected Balkan Countries, in Proceedings of Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Skopje, 17-18 November 2017 (во процес на издавање)
(3 x 0,9 = 2,7)

- Naumoski A. (2016), “Linkages and relationships between South East European and developed stock markets before and after the global financial crisis and the European debt crisis”, Book of Proceedings of 1st International Conference on Financial Analysis, Dubrovnik, Croatia, 1-3 June 2016, pp. 42-51
(3 x 1 = 3)</td><td>11,4</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Труд објавен во зборник на в.о. институција

- Наумоски А., (2017), „Детерминирање на емпириска дистрибуција на приносите на македонскиот берзански индекс - МБИ10 “, Годишник на Економски факултет – Скопје, 52 , стр. 257-270
(2 x 1 = 2)

- Наумоски А., (2016), „Влијанието на менаџментот на работниот капитал врз профитабилност на компаниите: осврт врз компаниите во Република Македонија“, Годишник на Економски факултет – Скопје, 51 , стр. 253-266
(2 x 1 = 2)

- Наумоски А., (2015), „Приносите на индексирано портфолио на пазарот на акции во република Македонија: предвидени наспрема остварени приноси“, Годишник на Економски факултет – Скопје, 50 , стр. 312-327
(2 x 1 = 2)

- Наумоски А., (2014), „Емпириско истражување на историската премија за ризик на акционерскиот капитал во случајот на</td><td>8</td></tr>
</table>

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	развиените пазари и пазарите во појава“, Годишник на Економски факултет – Скопје, 49 , стр. 239-254 (2 x 1 = 2)	
7.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** - 2nd International Scientific Conference on Economics and Management – EMAN 2018, Ljubljana, Slovenia, 22 March 2018 (2 x 1 = 2) - 27th International Scientific Conference on Economic and Social Economic and Social Development, 1-2 March 2018, Rome, Italy, pp. 339-349. (2 x 1 = 2) - 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics – Skopje, Ss. Cyril & Methodius University in Skopje, Skopje, 17-18 November 2017) (2 x 1 = 2) - 1st International Conference on Financial Analysis, Dubrovnik, Croatia, 1-3 June 2016 (2 x 1 = 2)	8
8.	**Пленарно предавање на неучен/стручен собир со меѓународно учество** - XX Annual General Meeting of ACI – the financial market Association Macedonia, на тема „Влијанието на економските индикатори на финансиските пазари во Република Македонија“, одржана во Струга, период: 15-17 Мај 2015.	3
	Вкупно	**78,36**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	▪ **Поглавје во книга (коавтор)** (3 x 2 = 6) - **„Прирачник за финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа и нивна анализа“**, UNDP, Скопје, 2017 - **Прирачник за обука и полагање на стручен испит за инвестиционо советување**, Комисија за хартии од вредност на република Македонија, Скопје,	6

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	2015 година - **Прирачник за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност**, Комисија за хартии од вредност на република Македонија, Скопје, 2015 година	
2.	▪ **Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма** - Студиска програма од втор циклус на студии по Корпоративен финансиски менаџмент на Економски факултет - Скопје	1
3.	➢ ***Физибилити студија*** ▪ **одговорен проектант** - "Financial and Economic Evaluation of the Project: Reconstruction and Rehabilitation of Boris Trajkovski Street From Staklara Factory to Pintija Settlement", за предложената инвестиција на Град Скопје за изградба на комплетен булевар финансиран од Светска Банка, период: Март-Мај 2015 (2 x 1 = 2) - "Economic Evaluation of the Project: Providing Basic Equipment for the Maintenance of Public Greenery in the City of Skopje" за предложената инвестиција на Град Скопје за набавка на машина за пресадување на дрва, финансиран од Светска Банка, период: Март-Мај 2015 (2 x 1 = 2) ▪ **Учесник / соработник** - „Економска студија на ефектите на потенцијалното спојување меѓу ВИП оператор Sкопје, ONE телекомуникациски услуги Скопје и Диги плус медија Скопје". Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје, Скопје, ноември – декември 2014. (1 x 1 = 1)	5
4.	**Учество во помотивни активности на факултетот – (2014,2015, 2016, 2017, 2018)** (5 x 0,5 = 2,5)	2,5
5.	▪ **Превод** - ПРЕВОД на книгата "Public Sector Financial Reporting", издавач: Chartered Institute of Public Finance and Accountancy, период: Март-Јуни 2015 (3 x 1 = 3) - Превод на учебникот "Финансиско сметководство", во издание на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy, June 2014, за потребите на проектот за Обука и сертифицирање на сметководители во јавниот	6

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	сектор програма РАСТ во Република Македонија, август 2014 (3 x 1 = 3)	
6.	▪ **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно / стручно списание** - Генерален секретар на меѓународното научно списани Journal of Contemporary Economic and Business Issues, кое го издава Економски факултет – Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, ISSN 1857-9094 (Print), 1857-9108 (Online), од Декември 2016 – во тек.	1
7.	▪ **Член на факултетска комисија** (36*0,5 = 18) - Член на Комисија за упис на студенти на прв циклус студии (пет пати: 2014, 2015, 2016, 2017, 2018 г.) - Член на Комисија за јавни набавки (24 комисии) - Претседател на комисија за дисциплинска одговорност на студентите на Економски факултет – Скопје - Член на комисија за изработка на Водич низ студиите 2016-2017 за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Скопје 2016 - Член на комисија за изработка на Предметни програми за прв циклус студии 2016/2017 на Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Скопје 2016 - Член на комисија за изработка на Водич низ студиите 2015-2016 за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Скопје 2015 - Член на комисија за изработка на Предметни програми за прв циклус студии 2015/2016 на Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Скопје 2015 - Член на комисија за изработка на Водич низ студиите 2014-2015 за студентите на прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Скопје 2014 - Член на комисија за изработка на Предметни програми за прв циклус студии 2014/2015 на Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Скопје 2014	18
8.	▪ **Раководител на постдипломски или докторски студии** - Раководител на студиумот од втор циклус студии по	2

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Корпоративен финансиски менаџмент на Економски факултет – Скопје	
9.	▪ **Учество во комисии и тела на државни и други органи (x 1)** - Надворешен член на комисијата за котација при македонската берза на хартии од вредност, www.mse.com.mk	1
	Вкупно	46,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	105,3
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	78,4
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	42,5
Вкупно	**226,2**

Членови на комисијата

1. Проф. д-р Методија Несторовски, претседател

2. Проф. д-р Сашо Арсов, член

3. Проф. д-р Кирил Постолов, член

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-1605/6 Дата 14.09 2018 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 10.9.2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

1.Кандидатот д-р Александар Наумоски, се избира за наставник во научната област: бизнис менаџмент, по предметот: Менаџмент на ризик.

2.Д-р Александар Наумоски се стекнува со наставно-научно звање вонреден професор од денот на донесување на оваа одлука.

3.Д-р Александар Наумоски согласно Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), се избира за вонреден професор за период од пет години, односно во периодот од 10.9.2018 до 9.9.2023 година.

4. Платата на д-р Александар Наумоски ќе се утврди со посебно решение согласно актите на Економскиот факултет - Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

На Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област: бизнис менаџмент, по предметот: Менаџмент на ризик, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 7.6.2018 година, се пријави само кандидатот д-р Александар Наумоски.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтетенот на Универзитетот бр.1173 од 16.7.2018 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок нема поднесено приговор.

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 6.9.2018 година, даде позитивно мислење за предлогот наведен во објавениот рецензентски извештај.

Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 10.9.2018 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Методија Наесторовски
- Проф. д-р Сашо Арсов
- Проф. д-р Кирил Постолов

и го избра д-р Александар Наумоски за наставник во наставно – научно звање вонреден професор во научната област: бизнис менаџмент, по предметот: Менаџмент на ризик.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Александар Наумоски, продекан за настава, одделение за материјално и финансиско работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие од седницата и архива.

Изработил: Д.К.

Д Е К А Н

Проф. д-р Љубомир ДРАКУЛЕВСКИ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Економски факултет Република Македонија * Скопје *